ПОСЕБНИ СОВЕТНИЦИ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Име и презиме | Сања Богатиновска Давковска |
| | Работно место | Посебен советник на министерот за координација на активностите и кабинетот на министерот/Шеф на кабинет на министерот за правда |
| | Нето плата | 50.000,00 денари |
| | Надлежности | -Обезбедува поддршка и го менаџира времето на министерот со цел ефективно и ефикасно извршување на работите;<br>-Го советува министерот за различни прашања;<br>-Ги планира, насочува и координира дневните и долгорочните активности и приоритети на министерот;<br>-Ја планира, насочува и координира работата на членовите на кабинетот на министерот;<br>-Ги подобрува постоечките и воспоставува нови системи, процедури и процеси со цел да се оптимизираат ефикасноста и продуктивноста;<br>-Обезбедува ефикасна комуникација и соработка помеѓу министерот, кабинетот на министерот, вработените, надворешните институционални и вонинституционални, домашни и меѓународни чинители;<br>-Ја координира имплементацијата на тековните и новите процеси, како и на активности кои произлегуваат од агендата на министерот;<br>-Го претставува министерот на домашни и меѓународни настани, учествува при посети на странски делегации во земјата, и го придружува министерот при домашни и странски посети и учества;<br>-Извршува други работи и задачи доверени од министерот. |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Име и презиме | Александра Вуковиќ |
| | Работно место | Посебен советник за ЕУ интеграции и меѓународна соработка |
| | Нето плата | 45.000,00 денари |
| | Надлежности | -Го советува министерот за решавање на најсложени работи и за остварување на програмата за работа на министерството во делот на ЕУ интеграции и меѓународната соработка;<br>-Дава личен придонес при оформување на ставовите и мислењата за прашања кои бараат одлуки на највисоко ниво за тековното усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ во делот на надлежностите на Министерството за правда како и за текот на пристапните преговори;<br>-Изработува стручно - аналитички материјали за потребите на министерот за правда за обврските кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) во делот |

| | | |
|---|---|---|
| | | Правда и внатрешни работи, приоритетите од Европското партнерство, извештаите на Европската комисија и од спроведените експертски мисии на ЕК / Совет на Европа како и од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА);<br>-Развива соработка на највисоко ниво со сите надлежни институции во рамки на Поглавјето 23 Правосудство и фундаментални права и 24 Правда, слобода и безбедност како и релевантни ЕУ институции и меѓународни организации ;<br>-Дава насоки и поддршка на позициите за преговори со Европската унија во областите од надлежност на Министерството за правда и се грижи за севкупната динамика на усвојувањето на законите и политиките во контекст на пристапувањето;<br>-Извршува други работи доверени од министерот за правда. |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Александар Видиновски | Александар Видиновски |
| | Работно место | Посебен советник на министерот за односи со јавноста/портпарол на Министерството за правда |
| | Нето плата | 45.000,00 денари |
| | Надлежности | -Го советува министерот за сите прашање кои се однесуваат на односите со јавноста.<br>-Креира и учествува во создавањето краткорочни, среднорочно и долгорочни планови за стратешко комуницирање.<br>-Ги пренесува на медиумите ставовите на министерот и Министерството.<br>-Дава ставови, мислење и предлози како да се зголеми транспарентноста за работата на министерот и Министерството.<br>-Дава ставови, мислење и предлози како да се подобри комуникација со јавноста.<br>-Активно работи во креирањето на кампањи потребни за информирање на јавноста.<br>-Иницира и предлага ставови по прашања од надлежност на Министерството, а се однесуваат на транспарентноста и односите со јавноста.<br>-Извршува други работи и задачи кои ќе му бидат доверени. |